238.

 8.X.65 Н.м.

КУЛТУРЕН ЖИВОТ

БИТОЛСКА ХРОНИКА

# Десет години на ВДИСТ

Битола, октомври

Неколку ликовни уметници во есента 1955 година, формираа ликовна група која требаше на ликовната уметност во Битола да ѝ отвори нови патишта. Во групата влегоа сликарите Пецо Видимче, Јован Димовски, Методија Ивановски, Борислав Траиковски и Петар Спировски. Групата го доби името ВДИСТ, по иницијалите на презимињата на нејзините членови.

Од првата заедничка изложба во Битола есента во 1955 година досега ВДИСТ има отворено изложби во Скопје, Белград, Загреб, Охрид, Прилеп ...

До пред извесно време во круговите на ликовната јавност почна да преовладува мислењето дека ВДИСТ престана да постои, зашто се немаше претставено со изложба подолго време. Меѓутоа, според зборовите на академскиот сликар Борислав Траиковски нејзините членови уште при формирањето на групата одлучија да не дозволат да дојде до расформирање, без оглед на какви тешкотии ќе се наиде.

И така ликовната група ВДИСТ постои цели десет години. А тоа е значаен јубилеј за нашата културна историја. Деновиве во уметничката галерија „Моша Пијаде" во Битола отворена е јубилејната изложба на ВДИСТ. Овој пат имаме можност најцелосно да се запознаеме со творештвото на нејзините членови, со развојниот пат на овие истакнати ликовни уметници.

### Отворено иконографско одделение при Музејот

Народниот музеј во Битола последно време пројавува ...шне плодна активност. Пос...аната збирка на музејот е ...оврена, а деновиве е отворено и иконографско одделение. Покрај значајните икони, што се собрани од црквите и манастирите во Битолско, тука се наоѓа и познатата икона „Оплакувањето на Богородица" од Слепчанскиот манастир која, сега е изложена во Лувр, во рамките на изложбата на македонските икони.

Во Народниот музеј се подготвува едно поширокo советување со просветни работници од градот на кое ќе треба да се изнајдат најпогодни форми за потесна соработка на музејот со училиштата. Училиштата можат многу полезно да ја искористат можноста за одржување на практични часови по историја во одделенијата на музејот, да посетуваат изложби што ќе ги организира музејот. Музејот може да им помогне на училиштата и за основање на разни збирки, минијатурни „музеи" во училиштата, со што во голема мерка ќе се зголеми интересирањето на учениците кон музеологијата. На учениците ќе им биде дозволено да доаѓаат во музејот и да се користат со неговите документи и предмети при пишувањето на разни реферати .

Во некои училишта во Битола постојат и активно работат друштва на млади музејци. Наскоро вакви ќе бидат формирани и во другите училишта во градот и селата а нивната активност со помош од страна на стручњаците на Народниот музеј ќе биде зајакната. За членовите на овие друштва ќе бидат организирани предавања, масовни посети на музејите и друго.

### Повеќе концерти за младите

Музичка младина во Битола постои неколку години и таа делува во сите основни и средни училишта на територијата на општината. Оваа асоцијација на љубителите на убавата музика минатата сезона пројави мошне голема иницијатива. Притоа, беа организирани повеќе концерти, на кои настапија познатите уметници од Скопје: Лилјана Копачкова — Спасовска, Ратко Спасовски, Григорие Ѓуровски, Кирчо Давидовски, Гоко Николовски, Данка Фирфова, Милка Ефтимова, Васка Бицова и други за чии вокално-инструментални концерти младите од Битола покажаа големо интересирање.

За членовите на Музичка младина беа прикажани и музичките филмови „Животот и делата на Стеван Мокрањац", „Пабло Казале во ООН" и други. Одржани беа и повеќе предавања за значајните личности од историјата на музиката.

На мошне големо интересирање наиде настапот на познатото белградско камерно трио Прегер, Поповиќ и Саркочевиќ кое приредија два концерти, а пред Музичка младина дадоа концерт и битолските музички уметници при што беа рецитирани и стихови од познати поети. И симфонискиот оркестар на Филхармониското друштво од Битола приреди концерт ,под диригентството на Ѓорѓи Здравев, на кој присуствуваа ученици од средните училишта во градот. Во организација на Музичка младина битолчани ги слушаа и пловдиските симфоничари, кои приредија мошне успешен концерт, под диригенство на познатиот уметник Иван Спасов.

Музичка младина во Битола постигнаа најголем успех со изведбата на првата битолска опера „Орфеј", прикажана во јуни во античкиот локалитет Хераклеа Линкестис. Во хорот на операта со успех настапија ученици од гимназиите „Браќа Миладиновци" и „Јосип Броз Тито".

Доне Пановски